# Договор за издавање и користење на домашна платежна картичка (ДПК)

Договор број склучен на ден , во помеѓу:

1. Силк Роуд Банка АД Скопје, со адреса на ул. Даме Груев 1, Скопје, ЕДБ МК 4030993229939, застапувана од Управниот одбор на Банката (во понатамошниот текст „Банка”),

2. од , со адреса на , со ЕМБ (во понатамошниот текст “Корисник”)

Договорните страни се согласија за следното:

**Член 1. Издавање на домашна платежна картичка**

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Договорните страни во врска со начинот и условите на користење на VISA classic домашна платежна картичка, која се издава согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба (Службен весник бр.137 од 27 мај 2020 година, бр. 147 од 03 јуни 2020 година и бр. 151 од 08 јуни 2020 година), Договорот за издавање на домашна платежна картичка склучен помеѓу Силк Роуд банка АД Скопје и Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат и согласно одредбите од овој Договор.

**Член 2. Картичка**

Домашна платежна картичка (во понатамошниот текст: ДПК) е дебитна платежна картичка со видливо отпечатена ознака: *„КУПУВАМ ДОМАШНО“* (“KUPUVAM DOMASHNO”) издадена од Силк Роуд банка АД Скопје врз основа на Уредбата од член 1 на овој Договор и Договорот за издавање на домашна платежна картичка склучен помеѓу Силк Роуд банка АД Скопје и Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, на чија поврзана трансакциска сметка се исплатува финансиската поддршка.

Картичката која се издадава од Банката, е со чип технологија - , која ја зголемува безбедноста, со цел непречено користење на ДПК. Корисникот ја подига ДПК лично во експозитурите на Банката. Веднаш по приемот, Корисникот се обврзува да ја потпише ДПК на задната страна на истата, во полето предвидено за таа намена. Банката има апсолутно право на сопственост над Картичката и само Корисникот чие име е отпечатено на Картичката го задржува правото да ја користи истата, согласно со наведените услови. Нејзина употреба на кој било начин од страна на трети лица или нејзино позајмување на трети лица од која било причина е строго забрането.
Корисникот е свесен за фактот дека Картичката е инструмент за плаќање и мора да ја чува во добра состојба, со цел да се обезбеди нејзино непречено функционирање.
Картичката е валидна до последниот ден од месецот отпечатен на нејзината предна страна и секоја употреба на Картичката после истекот на нејзината валидност или после откажувањето на склучениот Договор е забрането.

**Член 3. Личен идентификационен број (PIN)**

Истовремено со приемот на Картичката, Банката го издава и врачува на Корисникот Личниот идентификационен број (PIN), кој може да се користи само во комбинација со Картичката за извршување на сите трансакции во кои терминалот ќе побара внесување на PIN кодот.

Со издавање на Картичката, Корисникот е запознаен дека истата е со вградена бесконтактна технологија и дека при извршување на трансакции во износ наведен во Прилог бр.1 нема да биде потребно внесување на PIN кодот.

PIN кодот се доделува од страна на Банката, тој е единствен и таен, служи само за лична употреба и истиот се генерира електронски под услови на целосна безбедност и сигурност, за да се оневозможи негова репродукција. Корисникот може да го замени својот PIN со друг, по сопствен избор, на било кој банкомат (АТМ) на Банката со следење на инструкциите прикажани на екранот.

Секоја трансакција која е авторизирана со PIN или без PIN до лимитот наведен во Прилогот бр.1 се смета за валидна трансакција извршена од Корисникот на картичката.

Корисникот се обврзува да го чува PIN кодот одвоено од картичката, да не го соопштува на други лица и да не го запишува на самата картичка, со цел да се избегне злоупотреба на картичката.

**Член 4. Губење на Картичка**

Корисникот мора грижливо да ја чува својата Картичка , како и податоците во врска со истата на безбедно место, во согласност со условите од претходните два члена (член 2 и член 3). За секое губење или кражба на Картичката, мора веднаш да ја извести Банката. Известувањето дадено на Банката преку телефон се снима. Во случај на основано сомнение дека се работи за кражба, Корисникот е должен случајот да го пријави во полиција во најкус можен рок.

Во сите случаи на известување за губење на Картичката или откривање на PIN-от, Банката му одобрува и издава на Корисникот нова Картичка која е продолжување на изгубената, и/или нов PIN, освен доколку Корисникот побара да не му се издаде нова Картичка. За реиздавање на нова Картичка и/или PIN, сметката на Корисникот се задолжува со трошокот наведен во прикажаниот Прилог бр.1, кој е составен дел од овој Договор (во понатамошниот текст "Прилог").

**Член 5. Користење на Картичката**

Во периодот од денот на приемот на оваа Картичка до 15.08.2020 година, Корисникот може да ја користи ДПК исклучиво за купување на македонски производи и услуги кај правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија. Картичката може да се користи и за on-line набавката од интернет страници во сопственост на македонски правни и физички лица вршители на стопанска дејност кои ги исполнуваат условите од Уредбата од член 1 на овој Договор.

Корисникот е запознаен и е согласен дека во периодот наведен во став 1 од овој член, Банката нема да врши уплати на средства на трансакциската сметка поврзана со издадената Картичка.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, финансиската поддршка престанува да важи. По истек на овој рок, Корисникот нема право да ги користи средствата од финансиската поддршка, доколку ги има.

Примената финансиска поддршка согласно Уредбата од член 1 од овој Договор, Корисникот не може да ја користи за:

- подигнување на готовина од банкомати, од ПОС терминали или со налог за исплата на готовина на шалтерите на Банката, конверзија во странска валута или како замена за готовина
- плаќања производи и услуги на физички и/или интернет (виртуелни) пос терминали, за подигнување на готовина на банкомати и други терминали, опслужувни од нерезиденти и/или резиденти, вршители на дејност надвор од територијата на Република Северна Македонија;
- пренос на парични средства кон други сметки во Банката и/или кон други сметки кај друг носител на платен промет, независно дали е тоа сметка на лицето корисник на финансиската поддршка или е сметка на друго физичко и/или правно лице;
- плаќање за македонски производи и услуги кои не ги исполнуваат дефинициите од Уредбата од член 1 од овој Договор и
- плаќање на правни и физички лица кои не го исполнуваат условот за вршење на дејност согласно Уредбата од член 1 од овој Договор

Банката му овозможува на Корисникот користење на Картичката и по истекот на рокот од став 1 од овој член.

Доколку Корисникот продолжи да ја користи Картичката, користењето ќе биде во согласност со условите на Банката и со примена на надоместоците од Прилогот бр.1 кон овој Договор.

По истекот на рокот од став 1 на овој член и доколку Корисникот продолжи да ја користи Картичката, моменталната состојба на трансакциската сметка на Корисникот која е поврзана со картичката го претставува расположливото салдо за користење на картичката, кое треба да биде доволно за да го покрие износот на трансакцијата. Износот на трансакцијата не може да го надмине лимитот за дневни трансакции наведен во Прилог бр.1 на овој Договор.

Лимитот за дневни трансакции е одреден за да се заштити Корисникот и трансакциите, а Банката има право лимитот да го смени или дури да го постави еднаков на нула од безбедносни причини и/или консеквентно доколку однесувањето на Корисникот е спротивно на одредбите на овој Договор.

**5.1 Користење на Картичката во продажни места**

Корисникот може да ја користи својата Картичка за плаќање на продажни места во земјата, секаде каде што е истакнат знакот VISA International во продажното место (во понатамошниот текст "Продажно место") или доколку Продажното место прифаќа користење на VISA дебитна картичка. Корисникот има обврска доколку од него се бара, да го докаже својот идентитет, приложувајќи документ за лична идентификација.

Банката не сноси никаква одговорност доколку при користење картичката не биде прифатена од било која причина, но во тој случај Банката бара соодветно известување.

При користењето во безготовинскиот промет, Корисникот задолжително добива потврда за извршената трансакција (слип), која задолжително мора да ја провери пред да ја потпише.

Сите согледани неисправности на потврдата за извршената трансакција, Корисникот ги оспорува непосредно на продажното место при купувањето, односно користењето на услугата.

По потпишувањето на потврдата за извршената трансакција, Корисникот е должен да побара еден примерок за себе, кој му служи за контрола на износот на трошоците, бидејќи на изводот од трансакциската сметка нема да бидат приложени копии од потврдите.

Корисникот не може да изврши одредена трансакција по електронски пат: Internet, во земјата или во странство.

**Член 6. Оспорување на обврски**

Корисникот е должен оспорување на обврските да направи по писмен пат во рок од 10 (десет) работни дена од датумот на задолжување на неговата трансакциската сметка. Во спротивно, ќе се смета дека Корисникот ги признава задолжените обврски по картичката.

Оспорувањето на обврските не го одложува нивното подмирување.

Доколку се докаже дека оспорувањето е основано, согласно правилата на *VISA International,* Банката веќе платениот спорен износ го враќа на сметката на Корисникот. Во спротивно трошоците се на товар на Корисникот.

Рокот за решавање на случајот на оспорувањето го одредува Банката во согласност со правилата на *VISA International.*

**Член 7. Казнени Одредби**

Не е дозволено Картичката да се користи за купување на недозволени порнографски содржини, проституција, оружје, трговија со дрога и опојни средства, како и за други незаконски работи. Секоја неовластена и незаконска употреба на Картичката се казнува со закон.

Корисникот е должен на Банката да и ги надоместува, покрај сите останати обврски од овој Договор, и сите трошоци и давачки кои Банката ги има направено за заштита на своите права од овој Договор, вклучувајќи ги сите реални трошоци и давачки, на кои Банката е изложена во постапката на заштита на своите права од овој договор, но не ограничувајќи се на направените адвокатски или судски трошоци, во износ на реална вредност на тие трошоци.За реалните трошоци и давачки согласно оваа точка, Банката ќе го извести клиентот на еден од начините опишани во член 12 од овој Договор.

**Член 8. Откажување на Договорот од страна на Банката**

Банката има право, да го откаже Договорот, со што писмено ќе го извести Корисникот, во случај да се појави најмалку една од следниве причини:

(а) Неисполнување на која било од обврските од страна на Корисникот на Картичката кои произлегуваат од Договорот и апликацијата;

(б) Доколку Корисникот на Картичката даде каква било неточна изјава или информација во апликацијата за Visa Classic домашната платежна картичка;

(в) Во случај на смрт на Корисникот на Картичката како и врз основа на правосилна судска одлука или одлука на друг надлежен орган;

(г) Сомнително користење на картичката.

Банката има право да го соопшти откажувањето на договорот за Visa Classic домашната платежна картичка на субјект овластен согласно законските прописи, да овласти правно или физичко лице за наплата на обврските кои произлегуваат по основ на овој Договор, како и да го пренесе своето побарување по основ на овој Договор на кое било трето физичко или правно лице, согласно законските прописи.

**Член 9. Откажување на Договорот од страна на Корисникот на Картичката**

Корисникот има право да го откаже овој Договор без дополнителни трошоци, во било кое време, преку документ за откажување на картичката, во било која експозитура на Банката, најдоцна 30 дена пред истекот на картичката. Од моментот на поднесување на барањето за отказ, па се до моментот на откажување и враќање на картичката, корисникот не смее да ја употребува картичката, и целосно ги превзема обврските кои произлегуваат од трансакции со користење на Картичката, значи отказот не ги исклучува обврските за нивно подмирување.

**Член 10. Важност и обновување на картичката**

Рокот на важност на овој Договор и на картичката која се издава согласно овој Договор е впишан на самата картичка и истиот е непроменлив и содржан во сите идни обнови на картичката.

Рокот на важност на картичката е впишан на самата картичка и е променлив во сите идни обнови.

Договорните страни се согласни, картичката да се обновува по автоматизам и Банката да издаде нова картичка со нов рок на важност, освен доколку:

- Корисникот ја откаже картичката 30 дена по истек на рокот за користење на финансиската поддршка согласно Уредбата од член 1 од овој Договор;
- Корисникот ја откаже картичката 30 дена пред истекот на нејзината важност;
- Банката привремено ја блокира или ја поништи картичката.

Корисникот е должен да води сметка за датумот на важност на картичката, кој е означен на самата картичка, и доколку, не добие известување за обновена картичка до крајот на месецот кој е означен како рок на важност на картичката, должен е да се обрати до Банката.

**Член 11. Дополнување на условите на Договорот**

За времетраење на важноста на постоечкиот Договор, Банката го задржува правото еднострано да ги дополни и измени условите од овој Договор само доколку за тоа постои соодветна причина. Измените и дополнувањата стапуваат во сила по претходно писмено известување за нивната содржина испратено до Корисникот на Картичката или преку веб сајтот на Банката, сајтот кој Корисникот го користи за проверки на состојбата на картичката, преку огласување на новите услови во експозитурите на Банката или на други начини кои Банката ќе ги определи за известување.

Договорните страни се согласија дека писменото известување испратено до Корисникот на Картичката ќе претставува доволна потврда дека Корисникот на Картичката го примил известувањето.

Во случај на неприфаќање на истите, Корисникот на Картичката има право да го откаже постоечкиот Договор во согласност со одредбите од претходно наведениот член 8.

**Член 12. Комуникација и преписки**

Корисникот на Картичката има обврска да ја известат Банката без одлагање и во пишана форма за каква било промена на адресата. Адресата која била последна наведена, се смета за важечка адреса на Корисникот на Картичката и на истата ќе се доставуваат сите известувања, потсетувања, апликации и документација и друга комуникација согласно овој Договор.

**Член 13.Завршни одредби**

Со овој Договор, Корисникот на картичката е запознаен со содржината и условите од Договорот за одобрување на **домашна платежна картичка**.

Податоците кои се однесуваат на работењето со картичката се деловна тајна. Од таа причина податоците собрани на ваков начин, Банката се обврзува да ги употребува во согласност со законските одредби.

Корисникот ја овластува Банката да ги провери сите од негова страна наведени податоци, како и да собере дополнителни информации. Од друга страна пак, ги овластува обработувачите на тие податоци и информации да ги издадат на барање на Банката.

Корисникот слободно и изречно, ја изјавува својата волја и дава согласност на Банката да ги соопштува неговите лични податоци и податоците за картичката на лица овластени од страна на Банката за спроведување на користењето на картичките и услугите, со цел заштита од злоупотреба на картичките и процесирање на трансакциите.

Корисникот слободно изјавува својата волја и дава согласност на Банката да ги дава неговите лични податоци, со цел ажурирање на наплата, на лица овластени од страна на Банката за спроведување, согласно законските прописи.

Корисникот е должен да ја пријави во Банката секоја промена на личните податоци и сите други податоци важни за користење на картичката.

Корисникот е согласен и ја овластува Банката да ги соопштува податоците за поединечните трансакции со картичката на овластените институции од член 112 од Законот за Заштита на Банки, согласно потребата, во случај на постоење на основано сомнение за злоупотребата на овој инструмент на плаќање.

Корисникот е одговорен за сите доспеани или не доспеани трошоци настанати во врска со работењето со картичката.

Евентуалните спорови предизвикани од недоследно почитување на договорот, договорните страни ќе го решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно надлежен ќе биде судот во Скопје.

Договорот се потпишува во 3 (три) идентични примероци, од кои 1 (еден) за Корисникот и 2 (два) за Банката.

**Прилог бр.1**
**кон Договорот за издавање и користење на дебитна картичка**
**VISA Classic домашна платежна картичка на Силк Роуд Банка АД Скопје (важечки до 31.12.2020 година)**

**А. Трошоци на Корисникот на Картичката**

| | | ТРОШОЦИ |
|---|---|---|
| 1. | Издавање на картичката | Без надомест |
| 2. | Годишна членарина | Без надомест |
| 3. | Отворање, водење, управување и одржување на трансакциската сметка поврзана со картичката | Без надомест |
| 4. | Откажување на картичката или затворање на трансакциската сметка поврзана со картичката | Без надомест |
| 5. | Трошоци за реиздавање на изгубена, украдена или оштетена картичка | МКД 500 |
| 6. | Трошоци за реиздавање на PIN код | МКД 200 |
| 7. | Лимит за плаќање без потреба за внесување на PIN код | МКД 1.100,00 |
| 8. | Дневен лимит за трансакции во трговија | МКД 30.000,00 |

**Прилог бр.1**
**кон Договорот за издавање и користење на дебитна картичка**
**VISA Classic домашна платежна картичка на Силк Роуд Банка АД Скопје (важечки од 01.01.2021 година)**

**А. Трошоци на Корисникот на Картичката**

| | | ТРОШОЦИ |
|---|---|---|
| 1. | Трошоци за подигање на готовина лимит | Провизија во МКД користејќи ја мрежата на Силк Роуд Банка АД Скопје:<br>• Не се наплатува провизија;<br><br>Провизија користејќи ги мрежите на други Банки:<br><br>-во земјата при подигнување на готовина на АТМ<br>• 2% од подигнатиот износ или мин.120 МКД<br><br>-во странство при подигнување на готовина на АТМ<br>• 120 МКД + 2% од подигнатиот износ<br>-во земјата при подигнување на готовина на POS терминал<br>• 240 МКД + 2% од подигнатиот износ<br>-во странство при подигнување на готовина на POS терминал<br>• 240 МКД + 2% од подигнатиот износ |
| 2. | Годишна членарина | Банката не наплаќа годишна членарина за користење на VISA Classic домашна платежна картичка; |
| 3. | Трошоци за реиздавање на изгубена, украдена или оштетена картичка | МКД 500 |
| 4. | Трошоци за реиздавање на PIN код | МКД 200 |
| 5. | Дневен лимит за подигање готовина | МКД 30.000 (Доколку има соодветно расположливо салдо на својата трансакциска сметка, на барање на клиентот дневниот лимит за подигнување готовина може да се промени) |
| 6. | Дневен лимит за трансакции во трговија | МКД 30.000 (Доколку има соодветно расположливо салдо на својата трансакциска сметка, на барање на клиентот дневниот лимит за трансакции во трговија може да се промени,) |

**Б. Конверзија на трансакции извршени во странска валута:**
Трошоците за трансакции извршени во ЕУР, ќе бидат конвертирани во МКД сметано по продажниот курс на ЕУР од курсната листа за менувачко работење на Силк Роуд Банка АД Скопје која важи на денот на обработка на трансакцијата од страна на Силк Роуд Банка АД Скопје.
Трошоците за трансакции извршени во странска валута различна од ЕУР, ќе бидат конвертирани во ЕУР според курсна листа на Банката која ја извршила трансакцијата а потоа во МКД според курсна листа на менувачко работење на Силк Роуд Банка АД Скопје кој важи на денот на обработка на трансакцијата.

**Корисник на**
**VISA Classic домашна платежна картичка**

**За Банката**

___________________________________
___________________________________
(име и презиме)

( име и презиме)

______________________________
(своерачен потпис)

---------------------------------------------------
(своерачен потпис)